РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1849/1
02-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2557/1 од 30.09.2024 година, оформен по пријава против службеното лице ///, директор на ///, против лицето /// и против службените лица ///, ///, /// и ///, членови на Управниот одбор на ///, **СЕ ЗАПИРА.**

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Управата за финансиска полиција.

Предметот со број 12-2557/1 од 30.09.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител на ден 01.09.2023 година е поднесена е пријава против службеното лице ///, директор на ///, против лицето /// и против службените лица ///, ///, /// и ///, членови на Управниот одбор на ///.

Врз основа на поднесената пријава во Државната комисија беше оформен предмет со број 09-4346/1 од 01.09.2023 година во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање. По спроведена постапка по пријавата во однос на сомнежите за постоење на состојба на судир на интереси, беше констатирана повреда на членот 75 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и беше донесена одлука на 14-тата седница на Државната комисија одржана на 28.01.2025 година под бр.09-482/1 од 03.02.2025 година.

Во однос на делот од наводите од пријавата за постоење на сомнежи за злоупотреба на службената положба и овластување преку злоупотреба на финансиски средства и преку набавка на средства без спроведување на постапки за јавни набавки, за кои во Одделението за спречување на корупцијата е оформен предметот со број 12-2557/1 од 30.09.2024 година, Државната комисија оцени дека е целисходно пријавата да се достави на надлежно постапување до Управата за финансиска полиција, заради правилно и целосно утврдување на фактичката состојба и преземање понатамошни дејствија во рамки на нејзините законски надлежности.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk